**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**
**Совет на Општина Неготино**
**Бр.08-882/26**
**28.12.2022 година**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 21 став 1 и член 22 став 1 точка 5, 6, 7 , 8, 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр. 05/02) и член 39 од Законот за вработените во јавниот сектор „Службен весник на РМ " бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/2018 и „Службен весник на РСМ " бр.143/19 и 14/20), Советот на општина Неготино на седницата одржа на ден **28.12.2022** година го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К

## За начинот на давање и примање на подароци, водење на евиденција за дадени и примени подароци и други прашања во врска со давањето и примањето на подароци

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат начинот за давање и примање на подароци, водење на евиденција за дадени и примени подароци и други прашања во врска со давањето и примањето на подароци.

**Член 2**

Одделени изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

1. **„Подароци" се:**
   - движни ствари (книги, сувенири, уметнички дела од македонски автори , слики, скулптури, литературни дела, ракотворби, спортска опрема и реквизити кои се даваат при организирање на спортски настани од општината, прикладни поклони за учесниците на манифестацијата св.Трифун и други пригодни подароци во културни манифестации организирани од општината што се даваат на претставници на странски држави, нивни органи или организации, меѓународни организации или странски правни и физички лица, како и на домашни физички и правни лица, здруженија, организации, претставници и функционери на домашни државни и локални органи и институции, во прилики во кои вообичаено се даваат и разменуваат подароци, односно движни ставри кои се примаат од претставници на странски држави , нивни органи и организации, во знак на соработка, благодарност или почит,

- **подарок не претставува:** пенкало, запалка, нотес , тефтер, календар, знаме, спомен плакета, повелба, роковник, рекламна чаша, маица, шалче, капа отпечатени со логото и симболите (грб и знаме) на Општина Неготино и друг вид канцелариски или рекламен материјал и сл.

2. **,, Евиденција на дадени и примени подароци"** е единствена листа која се води врз основа на пријавени дадени и примени подароци.

3. **,,Вредност на подарокот"** , вредноста на подарокот за утврдува врз основа на пазарната цена на таквиот подарок или со проценка на овластен проценител согласно Законот за процена.

4. За подароците кои ги примаат лицата кои се овластени да ги претставуваат органите на Општината, а кои се од редот на стручните и административни службеници, се применува Уредбата за начинот на располагање со примените подароци, начинот на управување со евиденцијата на примените подароци и други прашања во врска со примањето на подароци (,,Сл.весник на РМ" бр.153/2014).

5. Вработените во Општина Неготино не смеат да примаат подароци поврзани со нивната работа со исклучок на протоколарни и повремени подароци од пониска вредност. Подароците што не ја надминуваат вредноста од 1.000,оо денари, или подароци добиени од иста личност чијашто вкупна вредност не надминува 3.000,оо денари во дадена година, се сметаат за подароци од пониска вредност. Подароци примени од страна на службени лица или од меѓународни организации, дадени за време на посети, гостувања или во други слични околности се сметаат за протоколарни подароци.

6. Вработените во Општина Неготино се обврзани да ги предупредат дарителите дека не смеат да примаат подароци. Во случај дарителот да инсистира на примање на подарокот вработените се обврзани да го достават подарокот до работодавачот.

7. Податоците за примените подароци, нивната вредност, дарителите и другите околности се внесуваат во евиденцијата на подароци.

8. На службеното лице на кое спротивно од одредбите од овој Правилник и спротивно на одредбите од Законот за спречување на судир на интереси, Законот за административни службеници и Законот за спречување на корупцијата му е понуден подарок или друга корист поврзана со извршувањето на службената должност, должно е да ја

одбие таквата понуда, да го утврди идентитетот на понудувачот, а ако се работи за подарок што не може да биде вратен, службеното лице е должно без одлагање тоа да го пријави на надлежниот орган, да ги наведе сведоците и други докази, веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа, да поднесе писмен извештај до Државната комисија за спречување на корупција.

**Член 3**

(1) Градоначалникот на Општина Неготино, Претседателот на Советот на Општина Неготино, Секретарот на Општина Неготино и административни службеници кои се определени/овластени да ја претставуваат Општина Неготино можат да дават подароци во прилики во кои вообичаено се дават подароци на претставници на странски држави, нивни органи и организации, меѓународни организации или странски правни и физички лица, како и на домашни физички и правни лица, здруженија, организации, претставници и функционери на домашни државни и локални органи и институции во знак на соработка, благодарност и почит.

(2) Градоначалникот на Општина Неготино може да дава подароци во износ не поголем од 30.000,оо денари по подарок , за што донесува одлука.

(3) Претседателот на Советот на Општина Неготино, Секретарот на Општина Неготино и административните службеници кои се определени/овластени да ја претставуваат Општина Неготино, можат да даваат подароци, по претходно донесена одлука од Градоначалникот , во износ не поголем од 6.000,оо денари по подарок.

(4) За давање на подарок во износ повисок од износот утврден во ставот 1 на овој член одлучува Советот на Општина Неготино.

(5) Вредноста на подарокот ќе се утврди врз основа на пазарната цена на таквиот подарок.

**Член 4**

Како подароци не можат да се даваат предмети што имаат културно, историско и археолошко значење и вредност за Република Северна Македонија, а кои се заштитени со закон.

**Член 5**

(1) Општина Неготино, Советот на Општина Неготино, Градоначалникот на Општина Неготино, Претседателот на Советот на Општина Неготино и Секретарот на Општина Неготино можат да примат подароци во прилики

во кои вообичаено се примат подароци од претставници на странски држави , нивни органи и организации, меѓународни организации или странски правни и физички лица , како и од домашни физички и правни лица , здруженија, организации, претставници и функционери на домашни државни и локални органи и институции, во знак на соработка, благодарност или почит.

(2) Градоначалникот на Општина Неготино, Претседателот на Советот на Општина Неготино и Секретарот на Општина Неготино можат да го задржат примениот подарок во сопственост, како личен подарок доколку вредноста на примениот пригоден подарок не ја надминува вредноста од 6.000,оо денари на денот на примање на подарокот.

**Член 6**

(1) Општина Неготино води евиденција за дадените и за примените подароци.

(2) Евиденцијата на подароци може да се води во електронска и/ или хартиена форма и ги содржи следните податоци:
- име и презиме на дарителот на подарокот;
- име и презиме на примателот на подарокот;
- поводот поради кој е примен подарокот;
- видот/опис на подарокот;
- вредноста на подарокот ;
- датумот на примањето на подарокот;
- во чија сопственост ќе биде подарокот (лична или општинска).

(3) Градоначалникот на Општина Неготино од вработените во општината овластува лице кое ќе биде задолжено да води евиденција за дадените и примените подароци и ќе се грижи за складирање и чување на примените подароци.

(4) Овластеното лице ги внесува податоците во евиденцијата истиот ден кога ќе му се доставaт известувањето/ пријавата за даден, односно примен подарок.

(5) Евиденцијата се ажурира по потреба во делот на податоците за статусот на подарокот, односно местото и начинот на чување, складирање и изложување.

**Член 7**

(1) Примените подароци кои станале општинска сопственост , органите на општината треба да ги складираат, чуваат во архива или друга погодна просторија на општината или можат да се изложуваат во Винската архива и Изложбениот салон на семејни винарии на Општина Неготино, Кабинетот на Градоначалникот и други јавни установи .

(2) Во случај кога се работи за подарок кој не може да се користи од страна на Општина Неготино за реализација на нејзините законски надлежности , истиот потребно е да се отуѓи согласно закон.

**Член 8**

Овој правилник може да се измени и дополни само во писмена форма

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила со денот објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино ".**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „СОВЕТ НА ОПШТИНАТА" ОПШТИНА НЕГОТИНО